**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
бр.31-3782/7
16 септември 2016 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**г-дин Трајко Вељаноски**

# И З В Е Ш Т А Ј

**од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции на тема"Раскрстување со минатото според препораките на Европската комисија"**

Националниот совет за евроинтеграции на 13 септември 2016 година организираше јавна расправа на тема "Раскрстување со минатото според препораките на Европската комисија". Целта на организирањето на јавната расправа беше да се отвори поширока дебата за реализацијата на препораките од Европската комисија од Итните реформски приоритети од јуни 2015 година, кои се однесуваат на лустрацијата.

На јавната расправа беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, претседателот и актуелни и поренешни членови на Комисијата за верификација на фактите, претставници од Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Народниот правобранител, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Управниот суд, Вишиот управен суд, претставници од институции и организации на граѓанското општество. На јавната расправа беа поканети и присуствуваа и претставници од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и амбасадите на земјите членки на ЕУ во Република Македонија.

Во воведното обраќање пред присутните **претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Лидија Димова** укажа дека во Итните реформски приоритети за Република Македонија од Европската комисија од јуни 2015 година беше нотирана потребата да се адресираат сериозните недостатоци на лустрацијата и да се ревидира/повлече Законот за лустрација и неговото спроведување (особено имајќи го предвид *amicus curiae* мислењето на Венецијанската комисија) во однос на временските ограничувања, заштитата од политички, идеолошки или партиски причини кои се користат како основи за лустрација, како и исклучување на лица на приватни или полуприватни позиции и посилна заштита на идентитетот на субјектите до конечната судска одлука. Во оваа насока Собранието на Република Македонија постапи по препораките и на 21.08.2015 година го донесе Законот за престанување на важноста на Законот на определување услов за вршење јавна функција, пристап на

документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност со што Законот за лустрирање престана да важи од 1 септември 2015 година. Госпоѓа Димова ги покрена прашањата - дали со престанување на важењето на Законот за лустрацијата се реши проблемот со политичкиот реваншизам, дали се обештетени жртвите од процесот на лустрација и дали некој ќе понесе одговорност за спроведување на ваквата лустрација. Комисијата за верификација на фактите која водеше процесот на лустрација во Република Македонија утврдила соработка со органите на државната безбедност на над 300 лица, и проверила повеќе од 30.000 лица поранешни носители на јавна функција, јавна дејност или со јавни овластувања, сегашни носители на овие функции, како и кандидати за функции. Меѓу лустрираните биле професори, писатели, поранешни носители на јавни функции. Од 1 септември 2015 година, Комисијата за верификација на фактите нема мандат за покренување на нови постапки, а во меѓувреме Управниот суд веќе укинал повеќе решенија, додека Европскиот суд за човекови права отпочнал да се изјаснува по поединечни предмети.

На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: г. Владимир Пивоваров од МИТ Универзитет-Скопје, г.Темелко Ристески од Институт за човекови права, г.Никола Бабовски претседател на Демократскиот сојуз на Власите, г.Благоја Гешовски и г.Чедомир Дамјановски поранешни членови на Комисијата за верификација на фактите, г.Трендафил Ивановски поранешен судија на Уставниот суд и лустриран граѓанин, г.Сашо Орданоски новинар, г. Никола Костурски лустриран граѓанин, г-ѓа Нора Шаќири Марковиќ граѓански активист, г.Бојан Маричиќ од Македонскиот центар за европско образование, г.Ставре Џиков адвокат и поранешен Јавен обвинител на Република Македонија и г.Игор Спировски адвокат и поранешен Уставен судија, г.Ване Цветанов од Здружението на граѓани Зелена Лупа - Скопје, г.Томе Аџиев претседател на Комисијата за верификација на фактите, проф. д-р Новица Велјановски, г-ѓа Ристана Лалчевска и г. Предраг Димитровски членови на Комисијата за верификација на фактите, г.Љубомир Јосифовски, г.Васко Ковачевски и г.Орхан Ибраими, пратеници во Собранието на Република Македонија.

На јавната расправа беа изнесени мислења и ставови во однос временската рамка која го опфаќа процесот на лустрација во Република Македонија, последиците врз општествено-политичкиот живот во државата од спроведувањето на лустрацијата, карактеристиките на моделот на лустрација спроведен во Република Македонија и негова споредба со моделите на лустрација реализирани во источно-европските земји. Присутните дебатираа и за импликациите од процесот на лустрација врз безбедносниот систем на државата, неговата транспарентност, стигматизацијата на лустрираните граѓани, како и можноста за остварување на материјална и морална сатисфакција во случај на неправедно спроведена лустрација.

***Во дискусијата г. Владимир Пивоваров, професор на МИТ Универзитет-Скопје,*** потенцираше дека моделот на лустрација во Република Македонија не овозможува одбрана на лустрираните граѓани и ги остава без можност да ја докажуваат невиноста. Според него, Комисијата за верификација на фактите не ги зела предвид материјалната вистина и вербалните докази заедно, туку се фокусирала единствено само на вербалните докази. Пивоваров истакна дека често за време на СФРЈ се случувале измами и од инспекторите од ДБК, кои утврдувале едно лице како информатор, лице кое се евидентирало како соработник и кое воопшто не знаело дека разговара или соработува со инспектори од ДБК. Укажа дека многу инпектори од ДБК не се консултирани и не биле соочени со лустрираните граѓани за да се утврди вистината. Како докази може да се утврдат и снимките направени во тајните станови на ДБК за комуникација со оперативните врски. Од нив би можело да се увиди дали воопшто се водел неков разговор, меѓу кого и за што се разговарало. Г. Пивоваров информираше дека не е докажана штета на трети лица во процесот на лустрација и

дека тој од објавените предмети не увидел лице кое претрпело конкретна материјална, психичка или физичка штета. Не увидел и дека некој од лустрираните граѓани издејствувал материјална корист или движење во кариерата, а со тоа да го прекршил законот. Пивоваров смета дека процесот на лустрација во Република Македонија е жигосување на политичките неистомисленици, очигледно е дека лустрацијата е направена по нарачка, а таквата лустрација изврши удар на безбедносниот систем на Република Македонија. Основна алатка за работа на сите разузнавачки служби е оперативната врска. Оттука, беше даден пример дека електронските системи за прибирање податоци се само помагала во една постапка на тајните служби зашто без оперативни сознанија истите не можат да се насочат на вистинско место. Укажа дека процесот на изнаоѓање соработници на тајните служби и добивање валидни информации кои се однесуваат на државната безбедност е макотрпен и долготраен. Пивоваров укажа на потребата да се направи вистинска лустрација како и на недоследности во работата на Комисијата за верификација на фактите, на пр. неспроведување на т.н. лингвистичко вештачење и небулози во службените белешки кои се користат како докази во постапката на лустрација кои не соодветствуваат со практиката на дејствување на поранешните оперативци на ДБК.

***Претставникот од Институтот за човекови права г.Темелко Ристески,*** информираше дека е изготвена студија за лустрацијата во која е опфатена материјално-правната и процесно-правната постапка, практиката на Европскиот суд за човекови права, мислењето на институциите на Европската унија и Венецијанската комисија. Според студијата на Институтот за човекови права, временската рамка која ја опфаќа лустрацијата е премногу широка и истата требаше да го опфати периодот од 1944 до 1991 година. Ристевски оцени дека лустрацијата излегла од своите рамки и не ги опфатила само носителите на јавни функции, односно оние кои одлучувале за правата и обврските на граѓаните, туку опфатила и други категории граѓани како писатели, актери, професори. Укажа дека процесот на лустрација е нетранспарентен, дека не им се дава можност на лустрираните граѓани да ги одбранат своите правни интереси, дека постои повреда на член 6 и член 8 од Европската конвенција за човекови права кои се однесуваат на правото на непристрано судење и правото на приватност. Дополнително процесот го оцени како неморален со оглед на тоа што се лустрирале и починати лица. Во дискусијата се изнесе критика и на објавувањето на одлуките на Комисијата за верификација на факти уште пред истите да бидат правосилни и укажа на повреда на начелото на забрана на ретроактивно дејство на законот. Г.Ристески искажа критика за селективната примена на законот за лустрација и политичкиот реваншизам со неистомислениците. Беше даден предлог, законот со кој престана да важи Законот за лустрација, а кој во исто време овозможува Комисијата за верификација на фактите непречено да работи, да се елиминира од правниот поредок, односно тоа да се направи преку Собранието или Уставниот суд. Комисијата за верификација на фактите, според Ристевски е квази-судски орган со оглед на тоа што изрекува санкции и се издигнал над органите на државна власт. На крајот од дискусијата беше укажано дека е потребно лустрираните граѓани кои се разрешени од јавните функции да се вратат на своите работни места и да добијат соодветна материјална и морална сатисфакција.

***Во дискусијата г.Никола Бабовски претседател на Демократскиот сојуз на Власи и лустриран граѓанин,*** изнесе дека е Комисијата за верификација на фактите се поставила над правосудството и дека со тоа настапила ерозија на правото и демократијата во државата. Тој обвини за политичка пресметка со политичките неистомисленици со власта и нивно јавно жигосување. За спроведената лустрација на неговото семејство, Бабовски изнесе дека е спротивна на Уставот и сите меѓународни декларации и дека е сторено јавно жигосување на неговите малолетни деца со објавувањето на податоците на веб-страната на Комисијата за верификација на

фактите. Од негова страна се укажа на потребата да се донесе закон за рехабилитација на лицата кои во минатиот систем имале проблеми, но во рамки на правосудниот систем, како и потребата лустрацијата да се спроведе на сосема поинаков начин. Според Бабовски повредена е презумпцијата на невиност и низ процесот на лустрација се погазени многу закони. Во дискусијата беа упатени критики за лустирирани и починати лица кои не може да ја изнесат својата одбрана и да ја докажат својата невиност. Бабовски изнесе дека не се чуствува како кодош и дека фактите се на негова страна.

***Поранешниот член на Комисијата за верификација на фактите, г. Благоја Гешоски,*** покрена неколку прашања во насока дали лустрацијата ги исполни очекувањата, кои се придобивките од лустрацијата и дали процесот бил правичен. Во дискусијата Гешоски изнесе дека еден од условите кои Република Македонија треба да ги исполни за полноправно членство во ЕУ е и правично спроведена лустрација, која во државата се спроведе дури 18 години по осамостојувањето. Како поранешен член на Комисијата за верификација на фактите Гешоски информираше дека работел согласно закон и секогаш гласал според свое убедување. Сепак, потенцираше дека начинот на кој функционира Комисијата за верификација на фактите се покажа клучен во создавање на жртви од лустрацијата. Процесот на лустрација го оцени како своевидна неправда кој создаде нови жртви и го наметна прашањето дали во иднина би се спровела лустрација на лустрацијата. Комисијата за верификација на факти, потенцираше г.Гешоски, добила препораки од Венецијанската комисија, Европскиот комесар за човекови права и Европската комисија, лустрацијата да не се користи за политички и лични цели и да не се спроведува според желбата за одмазда. Според Гешоски процесот на лустрација бил селективен и укажа на два случаи од практиката, за еден судија и еден новинар. Во двата случаи лицата во првичната постапка го поминале првиот филтер од Комисијата за верификација на фактите дека го исполнуваат дополнителниот услов за вршење јавна функција односно дека не се соработници на службите, за подоцна со прибавување на нови докази да се отворат предмети по истите и да се спроведе лустрацијата. На крајот од дискусијата Гешоски констатираше дека лустрацијата ја промашила целта и станала пречка на патот кон ЕУ.

***Поранешниот судија во Уставниот суд на Република Македонија и лустриран граѓанин Трендафил Ивановски,*** во дискусијата укажа дека е добра идејата за расчистување и преиспитување со минатото, како и неопходноста соработниците на тајната полиција да бидат елиминирани за да не прават злоупотреби во новото демократско општество. Според Ивановски лустрацијата е задоцнета, ја промашила својата цел и излегла надвор од рамките на својата суштина. Според него, лустрацијата наместо да го прочисти минатото отишла во спротивен правец каде невидено се кршат човековите права. Лустрацијата на граѓани кои се веќе починати и граѓани кои се репресирани од минатиот систем е тотален апсурд. Ивановски истакна дека неговата лустрација и одговорот на Европскиот суд за човекови права јасно укажува дека целта на лустрацијата е целосно промашена. Во однос на неговата лустрација, г. Ивановски ги запраша членовите на Комисијата за верификација на фактите, дали е лустриран заради тоа што во периодот од 1964-1965 година основал организација за обединета Македонија, за активност поради која бил притворан и репресиран од тогашната тајна полиција, или пак е лустриран како претседателот на Уставниот суд, а со тоа е лустриран самиот Устав и поредокот во државата.

***Во дискусијата новинарот г.Сашо Ордановски,*** истакна дека лустрацијата според македонскиот модел имала пропагандно-ликвидаторска идеја која ја остварила својата цел. Според него цел на лустрацијата претставува и замаглување на улогата

на тајната службата во Република Македонија. Ордановски смета дека лустрацијата е постапка за расветлување на соработниците на тајната служба, но пред се постапка за затскривање на тајната служба и методите кои ги користела во рамки на нејзиното функционирање. Ордановски се осврна на 2001 година кога како цивилно лице бил член во комисијата за реформи во УБК. Од работата во тогашната комисија по низа проследени документи и средби со вработени во службата, констатираше дека во УБК работат врвни професионалци, но во систем кој не е уреден, во кој нема институционална меморија, систем во кој секој се крие од секого и постојат многу конфликтни ситуациии, каде едни исти лица се водат како соработници на службата и во исто време се гонат за криминал, систем во кој постои релативна дезорганизација. Ордановски изнесе дека таков систем е подложен на политичко влијание со кое се побива суштинската работа на службата која е да ги штити државните интереси на Република Македонија. Во еден таков систем, според Ордановски државните интереси не ги креира службата туку политиката. Оцени дека станува збор за крајно исполитизирана служба без никаква демократска контрола и со непознат износ на буџет. Ордановски изнесе убедување дека треба да се создаде целосно нова функционална служба, бидејќи доколку сегашната служба се реформира не ќе може да премине во сериозна служба која би ги штитела државните интереси на Република Македонија.

***Господин Никола Костурски лустриран граѓанин,*** во својата дискусија изрази негодување што не можел по лустрационата постапка во своја одбрана да се изјасни пред Управниот суд и Вишиот управен суд. Информираше дека целиот работен живот го посветил на човековите права на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Костурски информираше дека е лустриран четири пати: првата лустрација била од 80 до 87 година кога тогашните служби воделе досие од каде подоцна Комисијата за верификација на фактите нашла елементи на кодошење. Втората лустрација била поврзана со Република Бугарија при што добил 7 години забрана за влез поради контактите со Македонците од Пиринскиот дел на Македонија. Третата лустрација била поврзана со Република Грција каде има забрана за влез 19 години бидејќи наводно е опасен по безбедноста и животот на граѓаните на Република Грција, а се однесува на неговите контакти со македонците од Егејскиот дел на Македонија. Костурски изнесе дека лицата со кои контактирал, Комисијата за верификација на фактите ги објавила на својата веб-страна што не смеело да се случи. Со поведувањето на лустрационата постапка г.Костурски повеќе не е член на Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Костурски ја оцени Комисијата за верификација на фактите како монструозна алатка за политичко пресметување со неистомислениците.

***Граѓанскиот активист г-ѓа Нора Шаќири Марковиќ*** во дискусијата обвини дека нејзиниот татко Хисен Шаќири долгогодишен новинар во Македонската радио телевизија, уредник на информативната програма, креатор на редакциите за националности и член на Советот на Македонската радио телевизија, без основ и без доказ бил лустриран и прогласен за соработник на тајните служби. Шаќири Марковиќ изнесе дека интернет порталот МКД.МК ги објавил првите десет лустрирани граѓани и дека за порталот своја изјава дал и претседателот на Комисијата за верификација на фактите г.Аџиев, додека се уште на официјалната страна на Комисијата немало објавано ниту едно решение за лустрираните и не бил откриен ниту еден идентитет. Информацијата за лустрирањето семејството ја добило преку медиумите, додека решението од Комисијата за верификација на фактите стигнало многу подоцна на домашна адреса, кога и рокот за жалба бил истечен. Од стресот и нанесената неправда четири месеци подоцна нејзиниот татко починал. Г-ѓа Шаќири Марковиќ информираше дека поднела барања до сите релевантни институции за да го расветли случајот. Архивот на Република Македонија одговорил дека истиот не располага со

бараното досие за Хисен Шаќири, а од Управата за безбедност и контраразузнавање имало одговор дека лицето Хисен Шаќири не е евидиран во нивните евиденции. Оттука Шаќири Марковиќ запраша по кој основ бил лустриран нејзиниот татко, со кои докази и со кои тајни служби соработувал? Според неа, во недостаток на аргументи член на Комисијата за верификација на фактите и укажал дека името на нејзиниот татко стоело на неформална документација која е земена во предвид при лустрирањето, иако човекот не бил евидентиран како соработник и нема официјален документ дека бил кодош. Беше побарано ревидирање на Законот за лустрација и отворена дебата по законот во повеќе сегмени вклучително и за временската рамка за која се однесува.

***Претставникот од Македонскиот центар за европско образование г.Бојан Маричиќ***, во дискусијата се осврна на Законот за лустрација при што истакна дека законот бил оспоруван од меѓународни фактори и релевантни институции кои дале низа аргументи за потребата за негово изменување. Г.Маричиќ укажа дека за време на лустрацијата е игнориран гласот на граѓанското општество, меѓународната заедница и личностите кои се лустрирани. Укажа на реакцијата на Европската комисија и Венецијанската комисија од самиот почеток на процесот на лустрација по одредени предмети и личности за кои била спроведена. Во дискусијата Маричиќ се осврна на двете забелешки на Венецијанската комисија, првата во однос на времето кое е поминато од 1991 година и втората на злоупотребата по партиска, политичка и идеолошка определба како основ за лустрација. Беше упатено прашање до членовите на Комисијата за верификација на фактите, зошто сите укажувања биле игнорирани и не е преземено ништо реакциите и забелешките. На крајот на дискусијата г.Маричиќ изрази надеж дека Специјалното јавно обвинителство ќе биде нова шанса за расчистување и на овие случаи.

***Во диксусијата г.Ставре Џиков адвокат и поранешен Јавен обвинител на Република Македонија,*** истакна дека треба да се разгледаат недостатоците на законот, да се увиди која е практиката на административното постапување на Комисијата за верификација на фактите и која е практиката на Управниот и Вишиот Управен суд за предметите на лустрација во управна постапка. Според неговото лично и професионално искуство како адвокат, г.Џиков истакна дека лустрацијата претставува тежок човечки и политички процес кој треба да се заокружи со закон. Г.Џиков изнесе мислење дека треба да се почитува принципот на законитост и правичност кон сите учесници во постапката и истакна уверување дека со нов закон ќе се дојде до поправична разрешница во однос на овој тежок политички проблем.

***Во дискусијата г.Ване Цветанов претставник од Здружението на граѓани Зелена Лупа - Скопје***, истакна дека процесот на лустрација нанесе голем број на неправди на граѓани на Република Македонија, голем број на лица кои требало да бидат не биле лустрирани, а голем број на луѓе без никакви докази биле лустрирани. Според Цветанов, од 2006 година намалени се стандардите и квалитетот на работење на службата за државна безбедност и постои селективно постапување на службата при обезбедувањето на материјалите кои се доставуваат до Комисијата за верификација на фактите. Во дискусијата Цветанов изнесе мислење дека на државата и е потребна реална лустрација, но во некое ново време после ресетирање на комплетниот политички систем.

***Членот на Комисијата за верификација на фактите г.Новица Велјановски,*** се осврна на неговата работа и придонес во Комисијата за верификација на фактите. Тој информираше за проблемот кој го имал при вршење на работните обврски со предметот на г.Методија Андонов Ченто во 1964 година со тогашните служби при МВР. Велјановски во дискусијата истакна дека во ниту еден

архив во поранешна СФРЈ не постојат документи од МВР на Македонија, односно документите не се предадени од страна на Министерството. Според Велјановски, тогашниот премиер на Владата на Република Македонија Лазар Колишевски, документите од Владата наместо во Државниот архив ги предал во МАНУ, под одредени услови. Во дискусијата беше изнесено дека суштината на темата на јавната расправа е да се расчисти со минатото и дека лустрацијата е процес кој не е завршен и дека се работи на т.н. конзервирање на минатото.

***Во дискусијата г.Игор Спировски адвокат и поранешен Уставен судија,*** изнесе мислење дека Законот за лустрација има одредени неправилности, дека е противуставен и дека за тоа постои потврда и од Венецијанската комисија. Уставниот суд јасно ги поставил основните елементи на неуставноста на Законот за лустрација кои се утврдени подоцна и од Венецијанската комисија, најпрво по прашањето на опфатот на лустрација, персоналниот опфат и непостоењето на процедурални гаранции за лицата коишто се изложени на процесот. По извршените кадровски промени во Уставниот суд, истите ставови јасно елаборирани во мислењето на Венецијанската комисија, судот ги игнорирал. Според перцепцијата на Европската комисија, Уставниот суд не ја остварил својата улога, со која што не е поведена постапка за оценка на уставноста на Законот за лустрација и бара Република Македонија повторно да се повика на мислењето на Венецијанската комисија и да се направат приоритетни реформи. Во дискусијата г.Спировски се осврна на пресудата од Европскиот суд за човекови права за случајот Ивановски против Република Македонија, на членот 6, според кој Европскиот суд за човекови права укажува дека нашите судови суделе врз основа на изјава и притисок на шеф на егзекутива. На крајот на дискусијата Спировски повика на заштита на човековите права и на лицата опфатени во лустрацијата.

***Претседателот на Комисијата за верификација на фактите г.Томе Аџиев,*** изнесе дека темата на јавната расправа е промашена, бидејќи дебатата наместо за лустрацијата се сведе на оцрнување на работата на Комисијата, на нејзините членови и особено него како претседател. Во дискусијата г.Аџиев укажа дека лустрацијата во Република Македонија е заснована на Резолуциите на Парламентарното собрание на Советот на Европа од 1996 и 2006 година, како и Резолуциите од 2009 и 2011 година. Врз основа на резолуциите беше донесен Законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција. Аџиев информираше дека Комисијата за верификација на фактите работеше врз основа на документи архивирани во Државниот архив на Република Македонија и документи кои ги доставуваат уште три други задолжени органи. Комисијата за верификација на фактите во својот мандат проверила околу 30.000 носители на јавни функции кои доставиле во првиот период изјави дека не соработувале со тајните служби, а во подоцнежниот период со промената на законот преку базата на податоци на сите институции кои поседуваат имиња на носители на поранешни или сегашни носители. Во периодот додека Комисијата активно функционирала биле лустрирани околу 300 соработници за што се изготвени извештаи кои се во архивата на Комисијата. Аџиев изнесе дека ниту едно лице не е лустрирано без да постои валиден документ за тоа. Аџиев во дискусијата се осврна и на мислењето на Венецијанската комисија кое било формирано на барање на тогашниот претседател на Уставниот суд. Тогашниот Уставен суд не доставил податоци дека по донесувањето на Уставот на Република Македонија односно по осамостојувањето, во архивите на тајните служби се формирани околу 4 илјади досиеја. Аџиев покрена прашање - дали тоа било случајно или намерно направено за да се изготви такво мислење на Венецијанска комисија. Во дискусијата Аџиев се осврна на одделни случаи од работата на Комисијата за верификација на фактите.

***Во дискусијата г.Љубомир Јосифовски, пратеник,*** изнесе мислење дека Комисијата за верификација на фактите не ги оправда целите за кои што беше формирана. Според него, Комисијата ја презеде улогата на егзекутор и се стави над државата, власта и судството. Пратениците имаа одговорност единствено да го донесат законот кој што ќе расчисти со остатоците од минатото. Според Јосифовски потребни се суштински промени и реконфигурирање на целокупниот систем и сите институции, почнувајќи од Собранието, Владата, судството. Беше истакнато дека сите засегнати страни треба да се изборат за своите човекови права и слободи преку Судот за човекови права во Стразбур.

***Пратеникот Васко Ковачевски и член на Националниот совет за евроинтеграции*** го поздрави одржувањето на јавната расправа како можност преку отворена јавна дебата да се слушне за личните искуства и трагедии на лустрирани граѓани. Г.Ковачевски истакна дека лустрацијата е една од мерките што се користи во период на транзиција на едно општество, со цел времено да се ограничи можноста за вршење на јавна функција која има влијание врз државните интереси на лица кои биле носители на јавни функции. Според Ковачевски, Комисијата за лустрација во изминатиот период имала лична пресметка предводена од претседателот на Комисијата и не ја извршила функцијата за која била создадена, при што се лустрирани политички неистомисленици. Беше побарано да започне нов процес за лустрација и да се казнат оние што го прекршиле законот.

***Членот на Комисијата за верификација на фактите г-ѓа Ристана Лалчевска,*** истакна дека лустрацијата се спроведувала согласно соодветното законодавство и дека целиот процес на лустрирање се спроведувал со огромно задоцнување. Беше споменат обидот уште во 1994 година да се донесе декларација за извинување на жртвите на режимот како предвесник за лустрацијата, за што во тоа време немало политичка волја. Декларацијата била донесена во 2006 година со целосен консензус. Комисијата за верификација на фактите по изборот истата била бојкотирана со што г-ѓа Лалчевска смета дека високиот консензус при донесување на Законот бил неискрен. По однос на исказите дека лустрацијата е селективна и дали има пропусти, како непобитен факт за веродостојност Лалчевска ја посочи целокупната архива на Комисијата преку која може да се направи проверка на тоа што е работено. Беше укажано и на недостигот на целосна поддршка од институциите за спроведување на процесот за лустрација. Со цел соодветно да се разбере и да се примени лустрацијата, да се донесе нов закон за лустрација, да се изврши проверка на работата на Комисијата за верификација на фактите и да постои поголем ангажман од страна на Собранието по однос на Законот во согласност со насоките на Венецијанската комисија.

***Поранешниот член на Комисијата за верификација на фактите г.Чедомир Дамјановски,*** во дискусијата истакна дека Комисијата од 2009 година била формирала со мандат да ги истражи носителите и кандидатите за носители на јавни функции, со цел да се утврди дали истите соработувале со службите и дали од идеолошки причини нанесувале штета на одредени лица. Според него, делови од законот се неуставни и притоа изнесе низа обвинувања за работата на Комисијата во која и самиот учествувал. Во контекст на гореспоменатото побара одговорност од чинителите во процесот кои имаат нанесено штета и на поединечни лица и на самата држава како колектив.

***Членот на Комисијата за верификација на фактите г. Предраг Димитровски,*** во дискусијата изнесе дека дебатата за процесот на лустрација е задоцнета. Почнувајќи од минатото, истакна дека во Државниот архив на Република

Македонија се пренесени околу 15.500 историски оперативни досиеја, и постојат 21.000 судски досиеја низ кои може да се видат начините, методите и средствата со коишто се служела поранешната тајна полиција во пресметката со идеолошко политичките неистомисленици. Димитровски истакна дека никој не може да ги уништи досиејата и истите ќе станат предмет на истражувања и на објавувања. Во контекст на сегашноста ја истакна улогата на Уставниот суд на Република Македонија по однос на одлуките поврзани со Законот за лустрација. Го искажа своето незадоволство што Уставниот суд не побарал мислење од Венецијанската комисија уште пред да одлучува првиот пат по Законот за лустрација. Одлучувајќи по првите оспорени одредби, појдовната основа на Уставниот суд била дека треба да се лустрира минатото, а не сегашноста. Оваа почетна позиција на Уставниот суд истакна дека ја нема во второто изјаснување на судот, кога неговата одлука се трансформира во тоа дека треба да се лустрира актуелната сегашност. Г.Димитровски искажа поддршка за формирање на посебен институт како најсоодветно решение. Побара формирање на ад хок комисија каде би се соочиле сите членови со сите документи по однос на процесот за лустрација.

***Пратеникот Орхан Ибраими и заменик член на Национален совет за евроинтеграции*** во дискусијата изнесе став дека Албанците се народ кој што секогаш бил цел на разни манипулации, тортури и преку лустрацијата. Г.Ибраими истакна дека Демократската партија на Албанците во плурализмот придонесувала со консензус во неколку договори, како што е и договорот за формирање на Комисијата за верификација на фактите, со цел и идеја дека таа ќе биде инструмент кој ќе работи детално и ќе ги дешифрира случаите на следењето, особено на граѓаните Албанци. Од негова страна се искажа незадоволство од работата и функционирањето на Комисијата за верификација на факти, нагласувајќи дека човековите права и слободи на Албанците се нарушени од Комисијата и од законодавството. Како пример го посочи предметот на г.Мендух Тачи, тогашен и сегашен пратеник, осврнувајќи се на работата на Комисијата, при што на г.Тачи му се одземало правото да делува и да се организира. Од 2003 до денес не се одржало рочиште по овој предмет иако досието се уште е отворено. Пратеникот Ибраими постави прашање на кого му служи ова досие, дали на политичка елита или на политички субјект. Според пратеникот Ибраими, Албанците во процесот на лустрација имаат најмногу одземени и прекршени права и слободи истакнувајќи при тоа и други ставови во насока на дискриминација на ова заедница. На крајот од дискусијата Ибраими истакна дека доколку се посакува длабока реформа, длабока декриминализација на политичката класа и еднаква застапеност во институциите потребна е деполитизација и департизација на судската власт.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ,**
**Лидија Димова**

Република Македонија – Собрание на Република Македонија – СКОПЈЕ

Доставено и до:
- Национален совет за евроинтеграции;
- Комисија за европски прашања;
- Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците;
- Мешовит парламентарен комитет на РМ-ЕУ;
- Комисија за верификација на фактите;
- Секретаријат за европски прашања.